# Living the Lotus 3

*Buddhism in Everyday Life*

2024

VOL. 222



## Rissho Kosei-kai of Kolkata, Gaya, and Patna, in India


**Living the Lotus**
**Vol.222 (Март 2024)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи


Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.

# Само-ограничувањето доаѓа од сочуството

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи



## Само-ограничување значи да се биде обзирен кон другите

дПред да ја отстранам пајажината, / Скриена во грмушка од мојата куќа, / Мојата метла сопре.е Оваа срдечна поема од Зен мајсторот Рјокан (1758 Ђ 1831), целосно ја пренесува неговата добрина. Јас скоро можам да ја видам насмевката на лицето на Рјокан кога тој одненадеж сопира со метење за да не ја наруши пајажината, препознавајќи го малото живо битие кое прави се од себе за да опстане таму.

Јас чувствувам, во овој мал, спонтан гест, дека тој бил личност со само-ограничување и ум на сочуство кој ги прегрнува сите нешта.

Во однос на само-ограничувањето, Шакјамуни рекол, дВежбајте воздржаност во телото и говороте и дВоздржувањето во телото, говорот, и умот е добро однесување,е и, исто како со понизноста за која пишував во изданието од прошлиот месец, тој често зборуваше на важноста на тоа. Ние имаме тенденција да го земеме само-ограничувањето како општо упатство за регулирање на нашите секојдневни животи, и јас мислам дека, како што можеме да видиме од поемата на Рјокан, само-ограничувањето е едно и исто како сочуство, зар не? Според Др. Јасуаки Нара (1929 Ђ 2017), Будистички научник и проповедник на Сото сектата, дСите учења на Шакјамуни се базирани врз и објаснети од концептот на сочуството.е Заради тоа, затоа што само-ограничувањето го продлабочува умот на бивање обзирен кон другите, тоа може исто да биде интерпретирано како учење на Будата.

Кога ова е кажано, кога ние се прашуваме себеси дали ние можеме да вежбаме толку многу само-ограничување како што Рјокан направил, ние сме наклонети кротко да одговориме дека ние не сме на висина на задачата. Дури и да е така, јас се надевам дека до степен до кој можеме, ние треба да покажеме обзирност за другите и да вежбаме воздржаност преку нашите зборови и дела.

## Од позната активност до глобални проблеми

Шеесет години претходно, на 4ти Март, 1964, годината на довршување на Големата Светла Сала Ђ главното место на Патот на нашата организација Ђ основачот Нивано рекол дКога религиозна организација гради голем храм, таа почнува да ја губи нејзината субстанција.е Тој не мислеше дека затоа што нашето главно место на практикување е големо, ние сме голема организација, или дека со градење на прекрасен храм, развојот на нашата организација достигнал степен на зрелост. Попрво, тој ни кажувал нас за важноста да продолжиме да бидеме вид на религиозна организација во која добри пријатели во вербата се собираат во Големата Света Сала, секога ш полна со енергија како што тие ги учат Будините учења, и дека нашето манифестирање на скромност и вежбање на само-ограничување дава топлина и виталност на умовите на луѓето во нашите заедници и општества.

Навистина, во тој смисол, многу е значајно дека движењето на Ришо Косеи-каи Донирај Оброк се одвивало толку многу време. Јас се надевам дека ние ќе продолжиме да ја вреднуваме оваа позната активност, оригинално практикувана од членовите на Шинто-потекната религиозна организација Шороку Шинто Јаматојама, преку прескокнување оброк неколку пати во месецот и донирајќи ги парите кои би биле потрошени на тие оброци, и на таков начин ставајќи го во пракса умот на сочувство и допринос кон општеството.

Понатаму, не би било возможно за колегите во организациите како што се Религии за Мир да ги трансцедентираат параметрите на нивните сопствени религии или секти и да се ангажираат во тековните дијалози со цел да се решат глобалните проблеми, освен ако учесниците скромно пристапат еден кон друг со само-контрола и само-ограничување. Ние се гордееме во фактот дека Основачот Нивано ги втемелил Религиите за Мир, но јас исто мислам дека со цел да осигураме дека таквите програми не станат празни гестови, важно е да превземиме дејствија додека секогаш ја запомнуваме понизноста и обзирањето на секоја ситуација од перспектива на сочувство, кое е основата на учењата на Шакјамуни.

(Од *Косеи*, Март 2024)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Станувајќи членови на Ришо Косеи-каи

### Практикување на учењата во нашите секојдневни животи

Световна Будистичка организација е асоцијација на световни луѓе кои ги ставаат Будините учења во пракса дома, на работното место, и во заедницата за да растат духовно, наместо да практикуваат како монаси во некоја пустелија. Ришо Косеи-каи е една таква световна Будистичка организација.

Ние понекогаш стануваме уплашени кога ние ги практикуваме учењата сами. Затоа, важно е за нас да ги бараме нашите сениори и придружници како наши примери, секогаш споделувајќи вистинско водство и охрабрувајќи се еден со друг.










**Дали знаевте?**

Ришо Косеи-каи дава важност на практикувањето да се биде скромен затоа што тоа може да го изрази умот на буда во нас. Праксата да се биде скромен е значајно практикување за усовршување на нашите карактери.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Заедно со колеги членови (Сангха)







Учењата на Будата се драгоцени затоа што ние ги применуваме во нашите секојдневни животи и ги шириме нив на другите. Сепак, ако ние ги практикуваме учењата на Будата сами, ние се обесхрабруваме и тешко е дека ќе ги продолжиме. Заради тоа, како дел од Трите Богатства, Будата вклучува собир од луѓе кои ги учат учењата заедно. Овој собир на луѓе е наречен Сангхата, еден од Трите Богатства.

Кога ние ги практикуваме учењата со колеги членови, ние можеме да ги контролираме мрзливите умови кои имаат тенденција на издигнување. Згора на тоа, ние можеме да учиме од другите кога постои нешто кое не го разбираме. Ние можеме исто така да се подобриме еден со друг и да растеме заедно.

Суштински е да имаме добри пријатели и колеги членови.

**Дали знаевте?**

Сангха е древен Индиски збор, кој значи група или собир. Во Будизмот, тоа се однесува на собрание на практикувачи. Во Индискиот Будизам, членовите на Сангхата биле ограничени само на монаси и чесни сестри. Во модерниот Јапански Будизам, сепак, сангха членовите исто така вклучуваат световни луѓе.

# Вие се разбудувате себеси преку подучување на Дармата кон другите

## Заради тоа што вие ја имате подучувано сутрата на другите

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Претходно, јас реков дека постојат две причини зошто подучувањето на сутрата е важно. Втората причина е дека преку подучувањето на сутрата на другите, вие можете вистински да се нурнете себеси во вистината на Дармата и да достигнете вистинско разбудување.

Шакјамуни Буда го потврдува ова во поглавје 20 на Лотос Сутрата, дБодисатвата Никогаш Недостоен за Почит,е кога тој открива, дВо присуството на сите од тие претходни буди, јас ја примив, прегрнав, читав, и рецитирав оваа сутра и ја подучував неа во корист на другите луѓе. Заради тоа, јас бргу достигнав Врвно Совршено Разбудување.

дВрвно Совршено Разбудувањеe се однесува на разбудувањето на буда. Шакјамуни го вели ова затоа што тој го изложувал ова учење во корист на другите, и така тој можел да достигне разбудување на буда. Ова кажува колку е важно да се подучува сутрата на другите.

Кога вие се обидувате да ги запознаете луѓето кон учењата на Лотос Сутрата, освен ако вие сте вистински посебна личност, вие јасно ќе чувствувате дека вие самите сте сеуште далеку од разбирање на вистината на Дармата. Во таа точка вие ќе ги читате коментарите на сутрата повторно, ќе се консултирате со постарите членови на Сангхата, и ќе размислувате за учењата самите. Преку правење така, вие ќе се подобрите себеси дури и без да бидете свесни за тоа.

Мојот учител, Г-дин. Сукенобу Араи, беше многу вешт во калиграфија. Кога јас го пра шав него како тој го практикувал тоа, тој ми рече дека отворил школа за калиграфија, и во процесот на подучување деца, неговиот ракопис се подобрил. Дури и во случајот со уметности, како пеење или шамисен (вид на три-жично Јапонско банџо), речено е дека нечија вештина се подобрува преку почнување да се подучуваат другите. Поврзувањето на луѓето со Дармата е истото.

Не се работи само за набивање на вашата глава со теорија; тоа е преку стекнување на практично искуство, комуницирајќи со многу луѓе, и повторувајќи го процесот на обид и грешка да вие вистински го стекнете тоа што е наречено дмоќ на вешти методи.е Ова е начинот на кој вашата способност да бидете бодисатва расте.

Во зависност од личноста, тие може да ве игнорираат, и тие може да реагираат негативно. Напорот и снаодливоста на кои си повикан, на еден начин или друг, им помага на тие луѓе да ги разберат учењата кревајќи го и проширувајќи го своето сопство. Се разбира, постојат луѓе кои слушаат приемчиво и се целосно ослободени. Постои нешто во радоста на поврзување на таквите луѓе со Дармата кое е неспоредливо.

Со други зборови, се работи за пракса на лице место. Се работи за искуство. Вие ја зголемувате вашата човечност преку искуство, и преку стекнување искуство вие стекнувате длабочина како човечко битие.

Во Зенот, постои изрека дАко вие седите во медитација барем за момент, вие сте Буда тој момент.е Ова значи дека дури и да вие седнете во медитација само за време кое е потребно да се изгори стапче темјан, за тој период вие можете да го имате умот на Будата.

Јас би сакал да го преформулирам ова како дАко вие поврзете една личност со Дармата, вие сте Буда до степен на една личност.е Затоа што зборот дбудае се однесува на дразбудена личност,е ако вие поврзете личност со Дармата, тоа дава раст на пропорционално разбудување. Јас можам целосно да го гарантирам ова базирано на моите многу години на искуство.

После се, Лотос Сутрата е учење за реално ослободување на луѓето и на светот. Заради оваа причина, освен ако ние не го делиме учењето со толку многу луѓе колку е можно и да им помогнеме на нив да стекнат ослободување, ние нема да бидеме способни да ја изразиме нашата благодарност за сочуството на Шакјамуни Буда кој ни го даде ова учење. Јас искрено се надевам дека вие ќе го запишете ова длабоко во вашите срца и ќе направите дури поголеми напори да ја подучувате Лотос Сутрата на другите.






## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**twitter**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp